**Информациски систем на секторот за Труд и Вработување при Министертсвото за Труд на Косово**

Овој проект е изработен за потребите на секторот за Труд и Вработување при Министерството за Труд на Косово во кој што е опфатено развој, дизајн, програмирање и имплементација на База на податоци, која што ги содржи следните основни функции:

- Регистрирање на баратели на работа во 7 Регионални Центри за Вработување и Општинските канцеларии за вработување
- Регистрирање на слободни работни места
- Регистрирање на сите податоци за курсистите во Центрите за Професионално Оспособување
- Посредување при вработување, пополување на слободните работни места со барателите на работа врз основа на критериумите одредени од страна на работодавачите
- Генерирање на различни периодични статистички извештаи по разни категории, анализа на податоците како и печатење на разни формулари кои се во врска со барателите на работа, и т.н.
-

Користејќи ја изработената ASP.NET WEB апликација, овозможено е подигање на квалитетот на услугите кон работодавачите од страна на Институциите за Вработување, обезбедување со ефикасни информации како и точно и благовремено информирање за менаџментот, со што се овозможува следење на реалната состојба на невработеноста, вработеноста, и оспособувањето на барателите на работа во Косово.

Создадени се услови и работодавателите да имаат полесен пристап при давањето на барањата за пополнување на слободните работни места, со што е елиминиран досегашниот рачен начин на прибирање на податоци.

*Развојна SW платформа*

- .NET
- MS Visual C#.NET
- MS – Windows 2000 Server / Windows 2000 Pro.
- ADO.NET
- MS – SQL Server

*Крајни корисници*

- Сектор за труд и вработување при Министертво за труд на Косово

- 7 регионални центри за вработување
- Општински канцеларии за вработување